20262524582

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5 став (1) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2026 година, донесе

ДЕЛОВНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276/24), во член 11 став (1) по точката 7) се додава нова точка 7-а), која гласи:

„7-а) спроведуваат оценување на спроведувањето на законите и другите прописи од областите за кои се основани министерствата, согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата;“.

Член 2

Во член 14 став (1) во точката 3) зборовите „Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата“ се заменуваат со зборовите „Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата“.

Член 3

По членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

„Член 17-а

(1) Министерствата го планираат спроведувањето на проценката на влијанието на регулативата и оценката на спроведувањето на регулативата и подготвуваат Годишен план за спроведување на проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата, согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата.

(2) Годишниот план од ставот (1) на овој член, се усогласува со Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и ги опфаќа предлозите на закони за кои се спроведува проценка на влијанието на регулативата и активностите за оценка на спроведувањето на регулативата, од надлежност на министерството.“

Член 4

Во член 20 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Оценка на спроведувањето на регулативата се спроведува кога е предвидено во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата, Годишната програма за работа на

Владата на Република Северна Македонија односно Годишниот план за спроведување на проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата, кога е утврдено со заклучок на Владата или кога во текот на нивната примена се утврдени значајни проблеми, несакани последици или потреба од преиспитување на постојните решенија, согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата. За законите и другите прописи за кои се спроведува оценка на спроведувањето на регулативата, надлежното министерство подготвува Извештај за оценка на спроведувањето на регулативата.

(6) Формата и содржината на Извештајот за оценка на спроведувањето на регулативата ги пропишува Владата на предлог на Министерството за јавна администрација.“

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (7) и (8).

Член 5

Во членот 23 зборовите „Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата“ се заменуваат со зборовите „Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на проценка на влијанието на регулативата и оценка на спроведувањето на регулативата“.

Член 6

Во член 24 став (1) во точката 6) по зборот „регулативата,“ се додаваат зборовите „извештаите за оценка на спроведувањето на регулативата,“.

Во точката 8) на крајот на реченицата сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 9) точката се заменува со сврзникот „и“.

По точката 9) се додава нова точка 10), која гласи:

„10) Агенцијата за заштита на личните податоци, сите материјали, предлогот на закони, подзаконските акти и други предлог прописи кои се однесуваат или на кој било начин се поврзани со обработката и заштитата на личните податоци.“

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Министерствата и другите органи на државната управа до кои овластените предлагачи упатиле барање на мислење, по доставен нов предлог за произнесување, може да се произнесат дека се потврдува претходниот одговор, како и да достават нови мислења преку е-Влада.“

Член 7

Во член 25 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Предлог-законите, како и предлозите на прописи, стратегии, програми, акциски планови и документи за креирање јавни политики за кои се спроведуваат јавни консултации, надлежното министерство ги објавува на својата интернет-страница и на Единствениот национален електронски регистар на прописи.“

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Секоја заинтересирана страна може на Единствениот национален електронски регистар на прописи да достави мислење, забелешки и предлози во врска со предлог-законите, како и предлозите на прописи, стратегии, програми, акциски планови и документи за креирање јавни политики од ставот (1) на овој член, во рок од 30 дена од денот на нивното објавување.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Извештајот за проценка на влијанието на регулативата и Извештајот за оценка на спроведувањето на регулативата се објавуваат на Единствениот национален електронски регистар на прописи заради спроведување на јавни консултации.“

Ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Надлежното министерство обезбедува повратен одговор за засегнатите страни за начинот на постапување по нивните мислења, забелешки и предлози доставени во рамките на јавните консултации, со образложение за причините поради кои одделни мислења, забелешки и предлози не се прифатени. За јавните консултации спроведени во рамките на проценката на влијанието на регулативата и оценката на спроведувањето на регулативата, добиените мислења, забелешки и предлози и начинот на постапување по нив, се прикажуваат во соодветниот извештај.“

По ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

„(7) По утврдување на предлог-законот од страна на Владата, надлежното министерство го објавува утврдениот предлог-закон и Извештајот за проценка на влијанието на регулативата на Единствениот национален електронски регистар на прописи, најдоцна во рок од пет дена.

(8) По разгледувањето на Извештајот за оценка на спроведувањето на регулативата од страна на Владата, надлежното министерство го објавува Извештајот за оценка на спроведувањето на регулативата на Единствениот национален електронски регистар на прописи, најдоцна во рок од пет дена од денот на добивањето на извадокот од записникот од седницата на Владата.

9) Предлог-законите, како и предлозите на прописи, стратегии, програми, акциски планови и документи за креирање јавни политики од ставот (1) на овој член, објавени во Единствениот национален електронски регистар на прописи, согласно овој член, остануваат јавно достапни.“

Член 8

Во член 28 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член и во случај на нефункционирање на е-Влада од технички причини, Колегиумот на државни секретари, работните тела на Владата и Владата може да закажат и одржат седници.“

Член 9

По член 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

„Член 30-а

(1) На седниците на Колегиумот на државни секретари, работните тела на Владата и Владата, во случајот од член 28 ставот (3) од овој деловник, се разгледуваат материјали во хартиена форма, а по негово ставање во функција истите се внесуваат во системот е-Влада, како и донесените заклучоци и акти.

(2) Дневниот ред и материјалите од ставот (1) на овој член, до државните секретари за Колегиумот на државни секретари, до членовите на работните тела на Владата, односно Владата и до другите функционери кои задолжително присуствуваат на седниците ги доставува Генералниот секретаријат, кој ги известува за времето и местото на одржување на седниците.

(3) Мислењата, извештаите, заклучоците и актите во хартиена форма, Генералниот секретаријат ги доставува до овластениот предлагач и останатите засегнати страни.

(4) Усвоениот записник од седниците на Колегиумот на државни секретари го потпишува генералниот секретар, од седниците на работните тела на Владата го потпишува членот на Владата кој ја водел седницата, а од седниците на Владата го потпишува претседателот на Владата или заменикот на претседателот на Владата кој претседавал со седницата и генералниот секретар.“

Член 10

Членот 37 се менува и гласи:

„Комисијата за именување ги разгледува прашањата од областа на кадровската политика од надлежност на Владата; поднесува предлози до Владата за именување, назначување или разрешување на други лица за кои не се применуваат одредбите од Законот за високи раководители; предлага членови на органи на управување и други тела на установи и на други институции кои ги именува Владата; се грижи за спроведување на заклучоците на Владата во врска со кадровската политика; подготвува предлог-акт за платите на функционерите што ги именува Владата; подготвува предлог-решенија за платите, другите надоместоци, право на плати по основ на престанок на функција на директори и нивни заменици на органите на државната управа и функционери на други органи и служби и дава мислења и предлози на Владата за решавање на прашања од нејзиниот делокруг.“

Член 11

Насловот на Глава XI. и членот 69 се менуваат и гласат:

„XI. РАБОТА НА ВЛАДАТА ВО УСЛОВИ НА ВОЕНА, ВОНРЕДНА И КРИЗНА СОСТОЈБА ИЛИ ВО УСЛОВИ НА ИТНА И НЕДОЛОЖНА ПОТРЕБА

Член 69

(1) Одредбите на овој деловник соодветно се применуваат и за работа на Владата во услови на воена, вонредна и кризна состојба или во услови на итна и неодложна потреба, ако со овој деловник или со друг акт не е поинаку уредено.

(2) Во услови на воена, вонредна и кризна состојба или во услови на итна и неодложна потреба, Владата може да работи со физички присуство на која било локација или со користење на кое било друго средство и начин на комуникација (телефон, факс, видео конференциска врска, софтверски алатки, курири).

(3) Во услови на постоење на воена, вонредна и кризна состојба или во услови на итна и неодложна потреба, Владата може да работи и одлучува за предмети кои не биле предмет на расправа на работните тела, додека мислење или став на надлежен орган може да се даде и при расправа по предметот на седницата.

(4) Начинот на работа на Владата во воена, вонредна и кризна состојба или во услови на итна и неодложна потреба го определува претседателот или неговиот заменик кој ја води седницата на Владата, односно претседателот на работното тело или неговиот заменик за седниците на работното тело и генералниот секретар на Владата за седниците на Колегиумот на државни секретари.

(5) Во случај на нефункционирање на е-Влада од технички причини, во услови на воена, вонредна и кризна состојба или во услови на итна и неодложна потреба, се применуваат одредбите од член 28 став (3) и член 30-а од овој деловник.

(6) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и за работата на Колегиумот на државни секретари и работните тела на Владата.“

Член 12

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8196/15
27 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.